Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE
Арх.бр. 11-3448/6
Дата: 09-10-2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (i)

| Примено: | 14.10.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - 2113/2 | | | |


ДО: Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1
Кочани

ПРЕДМЕТ: Достава на административни дописи

Врска : Ваш бр. 08-2113/1 од 29.09.2020 година

Почитувани,

На ваше барање, во прилог на овој допис Ви доставуваме копија од позитивното мислење со ваш бр. 26-2541/2 од 30.12.2015 кое е дадено од ваша страна при постапката за доделување на концесија за изградба на МХЕ Мала река, како и копија од позитивното мислењето со ваш бр. 03-1115/2 од 21.07.2017 година кое е дадено од ваша страна при постапката за добивање на дозвола од страна на барателот ДИС Енергија за користење на вода од водотекот Мала река за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа “Мала река” реф.бр.361 со придружните објекти.
Исто така, во прилог на овој допис Ви доставуваме копии од објавите на барањето од 13 јули 2017 година во дневните весници Нова Македонија и Koha, врз основа на кои заинтересирана јавност имала можност од Министерството за животна средина и просторно планирање да добие дополнителни информации, и на посочениот e-mail **во рок од 15 дена** од денот на објавувањето на барањето, имала право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање. Ве информираме дека по објавеното барање во дневните весници Нова Македонија и Koha до Министерството за животна средина и просторно планирање во предвидениот рок од страна на засегнатата јавност нема доставено мислења, коментари и забелешки, ниту се побарани дополнителни информации во однос по барањето, што е нотирано и во издадената дозвола за користење на вода.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Истовремено, Ве известуваме дека во Законот за водите во постапките за изадавање на довола не е предвидена јавна расправа по доставените ставови и мислења, туку обврска во дозволата да се образложат причините заради кои одредени мислења и ставови не се прифатени или се отфрлени.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Даниела Наумоска
Контролирал: Мелита Гочевска
Одобрил: Ylber Mirta
Согласен: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина

Во прилог: копија од мислење бр.26-2541/2 од 30.12.2015, копија од мислење 03-1115/2 од 21.07.2017 и копии од објава во дневен весник.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk